Напишано од Igor Krajcev
Вторник, 17 Ноември 2020 15:06 - Последно освежено Вторник, 17 Ноември 2020 15:10

На 02.11.2020 во Ликовниот салон се одржи промоција на книгата „Срцето на една жена“ од Јасмина Ѓорѓиева. Низ страниците на романот страница по страница како ден по ден се откинува животот чекајќи ја среќата. Радувајќи се на моментите на среќа во денот во исчекување за навечер како што вели и авторката „вечерта е само спуштена ролетна на уште една завршена епизода. Убаво е да живееш,да го прифатиш секој миг како подарок и да му се радуваш,но убаво е и да научиш дека дека токму оној твој сопствен живот како во некој негледан филм носи и денови на радост,но и денови на голема болка.Машки е да издржиш,а женски е да се плашиш и заплачеш без нималку срам. Но сепак на крајот од секој предизвик да го пробаш подобриот вкус без да заборавиш колку треба да уживаш во животот и неговите радости.

